# РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР:**

Според Нермина Факовиќ, координаторка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и една од ретките лица вработени во јавните институции во РМ, која во целост ги почитува одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и навремено ги доставува бараните информации, клучните пречки во спроведувањето на законот се: „Преобемна процедура за обезбедување на информацијата на барателот во рамки на самата институција... не секогаш лицето од коешто се бара информацијата ја поседува, па потребно е доставување на допис до институцијата имател... со што се одолговлекува и се усложнува целата постапка, па оттука потребно е постапката да се врши електронски. Користењето на буџетските средства бара транспарентност без исклучок, затоа за поголема отчетност и подобрување на квалитетот на услугите потребно е овие информации да бидат јавни“.

Во 2017 година **Министерството за финансии и Министерството за здравство** бележат значително **уназадување на нивото на реактивна транспарентност**, и со тоа се најдоа во категоријата на **нетранспарентни институции** **во Република Македонија.**

**Зголемен е бројот на мониторирани институции од јавниот и од здравствениот сектор кои во 2017 година се најдоа во категоријата на реактивно нетранспарентни.**

- На листата на **реактивно нетранспарентни институции** за 2017 година се бележат следните институции: Министерството за здравство, Министерството за финансии, Агенцијата за странски инвестиции, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Јога-сојузот на Македонија, Комитетот за доење, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, Спортскиот центар „Борис Трајковски“, Банка за развој при Советот на Европа, Здравствениот дом Железничар и здравствените домови во Кичево, Македонски Брод, Прилеп и во Штип.
- **Делумно транспарентни институции за 2017 година** се: здравствените домови во Гостивар, Кавадарци и во Скопје, Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир, центрите за јавно здравје во Скопје и во Струмица, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија за спречување на корупција, Заводот за здравствена заштита на мајките и децата, Агенцијата за вработување на РМ и Фонд за инфраструктурни проекти на Европската комисија.
- На листата, пак, на **реактивно транспарентни институции за 2017** година се најдоа: здравствените домови во Берово, Битола, Вевчани, Велес, Виница, Гевгелија, Демир Хисар, Дебар, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Охрид, Пробиштип, Радовиш, Ресен, с. Ростуше, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Неготино и во Пехчево, Институтот за јавно здравје, Општата болница Струмица, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, центрите за јавно здравје во Битола, Велес, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Тетово и во Штип, Бирото за јавни набавки, Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас, Медицинскиот факултет и Универзитетската клиника за детски болести.
- Во 2017 година од вкупниот број на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер, 87 % биле одговорени во редовна постапка, како што беше случајот и во 2016 година; 12 % од поднесените барања не биле одговорени во редовна постапка, односно институциите молчеле; на околу 4 % од поднесените барања бил испратен одговор по жалбена постапка.
- Агенцијата за странски инвестиции донесе решение за целосно одбивање на барањата со образложение дека побараните информации претставуваат исклучок од слободен пристап до информации од јавен карактер согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Јога-сојузот на Македонија е институција којашто најмногу доцни во доставување на одговорите на поднесените барања, а по неа следуваат: Комитетот за доење, здравствените домови во Прилеп, Штип и во Македонски брод, Министерството за економија, Здравствениот дом Железничар итн.

# ПРОМЕНИ НА НИВОТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2017 ГОДИНА ВО ОДНОС НА 2016 ГОДИНА:

РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## I. Напредок на нивото на реактивна транспарентност

**Напредок на нивото на реактивна транспарентност во однос на 2016 година бележат дванаесет институции, и тоа:**

- четири институции (здравствените домови во Берово, Гевгелија, Пробиштип и во Неготино) преминале во категоријата на транспарентни од нетранспарентни институции;
- осум институции (здравствените домови во Крива Паланка, Крушево, Радовиш, Свети Николе и во Тетово, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Центарот за јавно здравје Битола и Медицинскиот факултет - Центар за семејна медицина) преминале • во категоријата на транспарентни од делумно транспарентни институции.

## II. Уназадување на нивото на реактивна транспарентност

**Уназадување на нивото на реактивна транспарентност бележат десет институции, и тоа:**

- три институции (здравствените домови во Кичево и во Штип и Спортскиот центар „Борис Трајковски") преминале во категорија на нетранспарентни од транспарентни институции;
- четири институции (здравствените домови во Македонски Брод и во Прилеп, Министерството за здравство и Министерството за финансии) преминале во категорија на нетранспарентни од делумно транспарентни;
- три институции (Специјалната болница за ГА Чаир, Центарот за јавно здравје Скопје и Центарот за јавно здравје Струмица) преминале во категоријата на делумно транспаренти од транспарентни институции.

## III. Нема промена на нивото на транспарентност

**И оваа година кај четири институции нема напредок на нивото на транспарентност, во нив се вбројуваат: здравствените домови во Гостивар, Кавадарци и во Скопје и Заводот за здравствена заштита на мајките и децата.**

Целта на оваа анализа е да даде појасна слика и подобра претстава за реактивната транспарентот на институциите од јавниот и од здравствениот сектор, не само за тековната година туку и за трендот на движење на скалата на транспарентност што го бележи секоја институција посебно во однос на изминатата година. Анализата се базира на 1 338 постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер спроведени во 2017 година пред 65 [1] јавни институции од страна на Здружението ЕСЕ.

Анализата на постапките е направена по пат на оценка на транспарентноста на секоја институција од аспект на пет параметри и тоа:

- **број на добиени одговори во редовна постапка;**
- **број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;**
- **број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;**
- **број на барања по кои имателите молчеле;**
- **просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и во жалбена постапка.**

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите.

Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка каде:

| | |
|---|---|
| 0 | – НЕТРАНСПАРЕНТЕН/ЦРВЕНО |
| 1 | – ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН/ЖОЛТО |
| 2 | – ТРАНСПАРЕНТЕН/ЗЕЛЕНО |

Конечната оценка за секоја институција претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на параметрите наведени во претходниот пасус.

[1] Во текот на работењето беа опфатени 66 институции, но предмет на анализата беа 65 институции поради тоа што барањата од страна на Здравствениот дом Делчево не беа примени. Воедно, барања за слободен пристап до информации од јавен карактер беа испратени и до Комитетот за доење, кој работи во рамките на Министерството за здравство, исто како и до Државниот центар за хумана репродукција во рамките на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство.

## ЛЕГЕНДА НА ПРОАКТИВНОСТ

**НЕТРАНСПАРЕНТЕН**
нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

**ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**
делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 - 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 - 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

**ТРАНСПАРЕНТЕН**
транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 - 0,1 % нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесување на барањата.

## РАНГ-ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ И ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ОД АСПЕКТ НА НИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНОСТ

### РЕАКТИВНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|
| Здравствен дом Берово |
| Здравствен дом Битола |
| Здравствен дом Вевчани |
| Здравствен дом Велес |
| Здравствен дом Виница |
| Здравствен дом Гевгелија |
| Здравствен дом Демир Хисар |
| Здравствен дом Дебар |
| Здравствен дом Кочани |
| Здравствен дом Кратово |
| Здравствен дом Крива Паланка |
| Здравствен дом Крушево |
| Здравствен дом Куманово |
| Здравствен дом Охрид |
| Здравствен дом Пробиштип |
| Здравствен дом Радовиш |
| Здравствен дом Ресен |
| Здравствен дом с. Ростуше |
| Здравствен дом Свети Николе |
| Здравствен дом Струга |
| Здравствен дом Струмица |
| Здравствен дом Тетово |
| Институт за јавно здравје |
| Општа болница Струмица |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство |
| Центар за јавно здравје Битола |
| Центар за јавно здравје Велес |
| Центар за јавно здравје Кочани |
| Центар за јавно здравје Куманово |
| Центар за јавно здравје Охрид |
| Центар за јавно здравје Прилеп |
| Центар за јавно здравје Тетово |
| Центар за јавно здравје Штип |
| Биро за јавни набавки |
| Завод за рехабилитација на слух, говор и глас |
| Здравствен дом Неготино |
| Здравствен дом Пехчево |
| Медицински факултет |
| Универзитетска клиника за детски болести |

### ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|
| Здравствен дом Гостивар |
| Здравствен дом Кавадарци |
| Здравствен дом Скопје |
| Специјална болница за ГА Чаир |
| Центар за јавно здравје Скопје |
| Центар за јавно здравје Струмица |
| Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| Државна комисија за спречување на корупција |
| Завод за здравствена заштита на мајките и децата |
| Агенција за вработување на РМ |
| Фонд за инфраструктурни проекти на Европската Комисија |

### РЕАКТИВНО НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|
| Здравствен дом Железничар |
| Здравствен дом Кичево |
| Здравствен дом Македонски Брод |
| Здравствен дом Прилеп |
| Здравствен дом Штип |
| Министерство за здравство |
| Министерство за финансии |
| Агенција за странски инвестиции |
| Секретаријат за европски прашања |
| Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| Јога-сојуз на Македонија |
| Министерство за економија |
| Министерство за земјоделство |
| Спортски центар „Борис Трајковски“ |
| Банка за развој при Совет на Европа |

Финансиски поддржано од:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ОЦЕНКИ НА ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Број на барања на кои е добиен одговор по редовна постапка | Број на барања на кои е добиен некомплетен одговор | Број на одбиени барања/ запрени постапки | Број на барања на кои институциите молчеле | Просечен број на денови на добивање на одговорот, сметано од денот на неговото поднесување |
|---|---|---|---|---|---|
| Здравствен дом Берово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Битола | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Вевчани | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Велес | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Виница | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Гевгелија | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Гостивар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red |
| Здравствен дом Демир Хисар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Дебар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Железничар | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Кавадарци | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Кичево | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Кочани | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Кратово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Крива Паланка | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Крушево | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Куманово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Македонски Брод | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Охрид | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Прилеп | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Пробиштип | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Радовиш | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Ресен | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| ЗД с. Ростуше | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Свети Николе | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Скопје | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red |
| Здравствен дом Струга | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Струмица | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Тетово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Штип | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Институт за јавно здравје | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Министерство за здравство | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Министерство за финансии | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Општа болница Струмица | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Специјална болница за ГА Чаир | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Битола | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Велес | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Куманово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Охрид | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Прилеп | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| Центар за јавно здравје Струмица | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red |
| Центар за јавно здравје Тетово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Штип | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Агенција за странски инвестиции | ★ red | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red |
| Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| Секретаријат за европски прашања | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Биро за јавни набавки | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Државна комисија за спречување на корупција | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| Завод за здравствена заштита на мајките и децата | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red |
| Завод за рехабилитација на слух, говор и глас | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Неготино | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Пехчево | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Јога-сојуз на Македонија | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Медицински факултет | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Министерство за економија | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Министерство за земјоделство | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Спортски центар „Борис Трајковски“ | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Универзитетска клиника за детски болести | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Агенција за вработување на РМ | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red |
| Банка за развој при Совет на Европа | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Фонд за инфраструктурни проекти на Европската Комисија | ★ green | ★ red | ★ green | ★ green | ★ green |